Република Северна Македонија
**КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА**

КСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut
**KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI**

Архивски број: 08-286/3
19-11-2025 година

Постапувајќи по претставка бр. 08-286/1 од 10.3.2025 година поднесена од ---------, против Ноќен клуб ---------, за сторена дискриминација врз основа на раса и етничка припадност во областа на пристап до добра и услуги, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 27 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација ("Службен весник на Северна Македонија", бр. 258/2020) го донесе следното

**МИСЛЕЊЕ**

**НЕ СЕ УТВРДУВА ДИСКРИМИНАЦИЈА** од страна на Ноќен клуб --------- врз основа на раса и етничка припадност во областа на пристап до добра и услуги.

**Образложение**

До Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (понатаму „**Комисијата**") поднесена е претставка заведена под архивски број 08-286/1 од 10.3.2025 година, од страна на --------- против Ноќен клуб ---------, за сторена дискриминација врз основа на раса и етничка припадност во областа на пристап до добра и услуги.

Подносителите на претставката информираат дека на ден 5 март 2025 година оствариле консултативна средба со група млади Роми од населбата Шуто Оризари во Скопје. За време на средбата, младите изнеле тврдења за дискриминација од страна на персоналот и раководството на ноќниот клуб ---------, при што опишале повеќекратни инцидентни во текот на 2024 и 2025 година. Според изјавите на засегнатите лица, персоналот на ноќниот клуб селективно им одбивал влез под изговор дека немаат направено претходна резервација или пак, во случаи кога им било дозволено да влезат, биле изложени на ограничувања кои не важеле за останатите посетители. Во некои случаи, дури и по нивните реакции на ваквото постапување, биле упатувани во задниот дел на објектот, зад бината, што подносителите го сметаат за јасен акт на дискриминација и сегрегација. Дополнително, младите Роми изложени на вербални навреди од страна на персоналот, кој им сугерирал дека ако не им се допаѓа третманот, можат слободно да го напуштат објектот. Напоменуваат дека поради страв од реперкусии и дополнителна виктимизација, засегнатите лица не се чувствуваат безбедно да бидат именувани како подносители во постапката за заштита од дискриминација, но дека сепак нивните сведоштва се веродостојни и укажуваат на дискриминаторски практики кои ги ставаат младите Роми во неповолна положба.

Врз основа на наведеното, подносителите бараат од Комисијата да поведе постапка, да прибере податоци и информации од засегнатите физички и правни лица, вклучително и по можност да спроведе „тестирање ситуација" како метод за докажување дискриминација, како и да донесе мислење за утврдена дискриминација и да издаде посебна препорака до Ноќниот клуб --------- за отстранување на повредите, но и општа препорака до сите ноќни клубови, ресторани и слични објекти низ државата за недискриминација на Ромите.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, согласно член 24 став 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, направи два обида за доставување на Известување за произнесување по наводите од претставката до ноќниот клуб ---------. Двата обида беа неуспешни, видно од поштенските испратници со назнака „известен – не побарал", поради што Комисијата при носењето на ова Мислење ги ценеше единствено наводите од поднесената претставка.

По увид во наводите од претставката, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација констатира дека претставката се однесува на периодот 2024-2025 година, кога наводно на повеќе наврати на млади Роми не им бил дозволуван влез во Ноќниот клуб ---------, додека на оние наврати кога им бил дозволен влез, тие трпеле дискриминаторско однесување од страна на персоналот.

Член **6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација** ја дефинира дискриминацијата како:
*„Дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што* ***се заснова на дискриминаторска основа****, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други“.*

Директната дискриминација е дефинирана во **член 8 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација**, кој гласи:
*„Директна дискриминација постои кога со едно лице или со група се постапува, се постапувало или би се постапувало понеповолно во однос на друго лице или група во фактичка или можна споредлива или слична ситуација, врз дискриминаторска основа“.*

Во овој случај, недостасуваат конкретни факти врз основа на кои би можело да се направи споредба меѓу третманот кон засегнатите лица и кон други лица кои се наоѓале во иста или споредлива ситуација. Изнесените наводи од претставката се општи, без конкретен датум кога секој инцидент се случил и без наведување на конкретни лица кои биле сведоци. Дополнително, кон претставката не беа доставени ниту материјални докази (фотографии, видеоснимки, пораки и слично) кои би укажале на дискриминаторски третман. Иако Комисијата има овластување да спроведе тестирање на ситуација, таквиот метод се применува само кога постојат минимум фактички индиции кои би можеле да укажат на дискриминаторска пракса, додека во конкретниот случај, изнесените наводи се недоволно прецизни и конкретизирани, ниту поткрепени со докази, за Комисијата да преземе таков чекор.

Имајќи го предвид наведеното, Комисијата не може да утврди постоење на понеповолен третман кон засегнатите лица врз основа на раса и етничка припадност, односно не може да утврди дискриминаторско постапување во смисла на член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација.

Оттука, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот на мислењето.

Комисија за спречување и заштита од
дискриминација
Претседател
Душан Томшиќ

Доставено до:
- ---------